Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО

# 2023

1 ЈАНУАРИ - 31 ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА




јануари 2024 год.

# НАКРАТКО

2023 година е 19-та година во работењето на Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) и прва година од спроведувањето на новиот петгодишен Стратешки план за работењето (2023-2027).

И годинава продолжи динамичното работење од претходните години за што зборуваат следниве сумирани резултати:

- Спроведени се и објавени **15** истражувања;
- Изработени се и објавени **7** бази на отворени податоци;
- Длабочински се мониторирани повеќе од **1.100** тендери;
- Организирани се **19** обуки, конференции, работилници и дебати со повеќе од **400** учесници од земјата и од регионот;
- Спроведена е анкета со **331** фирма за нивното учество во јавните набавки;
- Објавени се и дистрибуирани **12** публикации (извештаи, анализи и документи за јавни политики) во **1.100** примероци, достапни и во електронска форма;
- Извештаите, препораките, истражувањата и прирачниците на ЦГК се преземени **127.390** пати од интернет страницата www.ccc.org.mk;
- Со објавите на ЦГК на социјалните мрежи опфатени се **873.806** луѓе;
- Основната веб-страница на ЦГК www.ccc.org.mk е посетена **63.212** пати;
- Објавени се **583** новинарски текстови врз основа на нашите активности и резултатите од нивното спроведување во голем број медиуми во земјава;
- Препорачани се **стотина** конкретни мерки за потранспарентно работење и за намалување на просторот за корупција.

Во 2023 година продолжи редовниот мониторинг на јавните набавки во земјава кој ЦГК го спроведува веќе 15 последователни години, со детектирање и укажување на слабостите и проблемите во системот на јавни набавки и со предлагање мерки за намалување на можностите за злоупотреби и на просторот за корупција. Како резултат на оваа активност, во значителна мера се подобрени транспарентноста и отчетноста во трошењето на јавните пари преку тендерите, како и законската рамка во областа на јавните набавки.

Докажаната методологија според која ЦГК го спроведува мониторингот на јавните набавки претставува основа за спроведување на слични активности на регионално ниво, односно во рамките на проектот „Балкан Тендер Воч“ за мониторинг на јавните набавки во земјите од Западен Балкан.

Во сферата на јавните набавки, истовремено со активностите на системско ниво, ЦГК спроведува и активности за утврдување на транспарентноста, отчетноста и интегритетот

во јавните набавки на институционално ниво. Годинава се истражуваа и анализираа овие аспекти кај општините и кај јавните претпријатија во земјава основани од општините.

Во другата главна област на делување – полето на унапредување на капацитетите на новинарите и медиумите, во 2023 година продолжија значајни активности за зајакнување на истражувачкото новинарство и соработката меѓу медиумите и невладините организации во остварување на нивната заедничка општествена улога. Продолжи и редовното асистирање на новинарите при нивните истражувања на корупцијата и трошењето јавни пари.

ЦГК и годинава спроведе мноштво истражувања за важни појави, прашања и области за натамошно користење на новинарите и невладините организации, а кои се објавуваат во отворен формат на веб-порталот **www.opendata.mk** што овозможува нивна натамошна употреба од сите заинтересирани.

Во текот на 2023 година беше изработен и донесен новиот петгодишен Стратешки план за работењето (2023-2027).

Активностите на ЦГК во 2023 година се спроведуваа во рамките на пет проекти, финансиски поддржани од: Швајцарската агенција за развој и соработка, УСАИД, Кралството Холандија и Фондацијата Отворено општество – Македонија, а кои се спроведуваат самостојно или во партнерство со други невладини организации од земјата и од регионот.

Подетални информации за проектите, спроведувањето, активностите, резултатите, постигнувањата, донаторите и партнерите на ЦГК можат да се добијат и на нашата интернет страница **www.ccc.org.mk.**

# ЗА НАС

Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) е основан во април 2005 година како невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани. Во своето досегашно дејствување ја фокусира својата работа врз две групи од меѓусебно поврзани активности: (1) мониторинг на државните институции и врз основа на тоа, препорачување мерки и политики за унапредување на работењето и за намалување на просторот за корупција и (2) унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите и на невладините организации во борбата против корупцијата и зголемувањето на транспарентноста, одговорноста и отчетноста на државните институции.

Во оваа насока ЦГК досега има изработено и предложено неколку стотини конкретни препораки за преземање мерки за унапредување на регулативата и практиката во насока на потранспарентно, поотчетно и поодговорно работење на централната и на локалните власти, има обучено повеќе од петстотини новинари од националните и од локалните медиуми за истражување и известување за корупција и претставници на граѓански организации, а има изработено, спроведено и објавено повеќе од двесте истражувања, анализи и прирачници.

Претставници на ЦГК редовно учествуваат на работилници и во експертски групи за креирање стратегии и мерки за борба против корупцијата и за други прашања од областите на делување на ЦГК.

Активностите на ЦГК се насочени кон вработените во државните институции и органи на централно и на локално ниво, кон новинарите, бизнисмените и нивните здруженија, кон претставниците на невладините организации, како и кон граѓаните на локално и на централно ниво, како крајни корисници на резултатите од делувањето на организацијата.

Персоналот на ЦГК во 2023 година броеше седуммина вработени и неколку постојани соработници – експерти од сферите на делување на ЦГК. Органите на управувањето и раководењето на ЦГК вклучуваат Собрание на здружението како највисок орган, Извршен одбор и претседател на здружението.

**ВИЗИЈА**

ЦГК е докажан општествен чинител во демократизација на македонското општество, подобро информирање на граѓаните и транспарентно и одговорно владеење.

**МИСИЈА**

ЦГК ја развива и подобрува комуникацијата помеѓу општествените фактори за процесите од пошироко значење. Ги мониторира, анализира и јакне општествените процеси во земјата и регионот во делот на антикорупција и добро владеење, евроинтеграција, медиуми и економски развој.

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ**

- Антикорупција и добро владеење;
- Медиуми;
- Евроинтеграција;
- Економски развој и
- Градење капацитети на организацијата и долгорочна финансиска одржливост.

# ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ И ОСТВАРУВАЊА

## МОНИТОРИНГ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ (2008-2024), ВО 2023 ГОДИНА ФИНАНСИСКИ ПОДДРЖАН ОД ФОНДАЦИЈАТА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО - МАКЕДОНИЈА

**Преку директно следење на јавните набавки се детектираат основните слабости во спроведувањето на тендерите и се препорачуваат конкретни мерки за надминување на проблемите и на нерационалното трошење на јавните пари, како и за стеснување на просторот за корупција.**







Во текот на 2023 година:

- Директно се мониторирани 148 тендери спроведени од државни институции на национално и на локално ниво;
- Објавен е редовниот 38 извештај од мониторингот на јавните набавки со преглед на состојбата, детектирани слабости и простор за злоупотреба и корупција во јавните набавки, а изработен е и 39 извештај;
- Изработен е Индексот на рационалност бр. 20 во кој се споредени цените по кои се купувани пет исти производи и услуги од 28 различни институции.
- Препорачани се низа конкретни мерки што треба да се преземат за унапредување на системот на јавни набавки во земјава, било за промени во регулативата или за начинот на спроведувањето на јавните набавки;
- Изработена е анализа на жалбените постапки во јавните набавки;
- Спроведена е анкета на јавното мислење меѓу фирмите-учеснички на постапките за јавни набавки за проценка на нивното искуство од учество на тендерите.

Покрај активностите поврзани со мониторингот на јавните набавки, во рамките на организациската поддршка, спроведени се и следниве позначајни активности:

- Спроведено е истражување и изработено е рангирање на 97 институции (Влада, министерства, општини и Градот Скопје) според нивото на Активната транспарентност, која стана главен критериум за мерење на транспарентноста на државните институции во земјава така што информациите од активната транспарентност станаа задолжителни за објавување во новиот Закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер, во Стратегијата за транспарентност на Владата (2019-2021), како и во Акциските планови за Партнерство за отворена власт 2018-2020 и 2021-2023.
- Специјалната интернет страница за поедноставен приказ на активната транспарентност на институциите www.aktivnatransparentnost.mk е надополнета со последните податоци од истражувањето за 2023 година.
- Спроведени и објавени се четири истражувања за важни прашања за животот и работењето на граѓаните, проследени со бази на отворени податоци на веб-порталот www.opendata.mk како платформа на која се објавуваат истражувањата и базите на податоци изработени од ЦГК, со цел да бидат подостапни и полесно разбрани од поширок круг граѓани.
- Изработена е и објавена специјална база на податоци со сите јавни набавки на општините за 2022 година, со визуелен приказ на податоците за секоја општина и можност за преглед и пребарување по општина и по фирма.
- Асистирани се истражувачки новинари за време на нивните истражувања и известувања за корупција и за трошење на јавните пари.







Недостигаат 340 пожарникари, а возилата што ги возат се просечно стари по 27 години

06/06/2023

Недостигаат 340 пожарникари, а возилата што ги возат се просечно стари по 27 години. За последните три години, противпожарниот возен парк се „подмладил“ само за една година.

## ЗАШТИТА ОД КОРУПЦИЈА (2021-2024) – ПРОЕКТ ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМАТА МАТРА СО ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД КРАЛСТВОТО НА ХОЛАНДИЈА

**Проектот вклучува активности за намалување на корупцијата и злоупотребата на јавните средства на локалните самоуправи преку зголемување на транспарентноста, отчетноста и интегритетот на локалните институции и спроведување на мерките предвидени во Националната стратегија за превенција на корупцијата и судир на интереси 2021-2025.**




Во текот на 2023 година:

- На осум обуки, повеќе од 140 претставници на микро, мали и средни претпријатија научија како поуспешно да настапуваат во јавните набавки со цел зголемување на конкуренцијата и намалување на можноста за корупција.
- Изработен е документ за јавни политики кој ги сумира ризиците од корупција и препораките за нивно надминување утврдени преку мониторинг на јавните набавки на општините и на локалните јавни претпријатија спроведен врз основа на унифицирана методологија од 8 невладини организации во Битола, Кичево, Куманово, Неготино, Струмица, Тетово, Чаир и Штип.
- Одржана е јавна дебата за подобрување на соработката на сите чинители во борбата против корупцијата на локално ниво на која дискутираа 29 претставници на локалните медиуми, на граѓанските организации и на локалната власт.
- Одржана е работилница за 17 претставници на новинари и граѓански организации за да се поттикне соработката за поквалитетни истражувања.
- Организирани се обука и работилница за 24 претставници на локални партнерски организации за нивно зајакнување во насока на нивна поголема улога како фактор во борбата против корупцијата на локално ниво.
- Изработено е и објавено истражување за мапирање на состојбата со објектите за спорт во општините.

» Изработено е и објавено истражување за исплатата од буџетската ставка 463 Трансфери до невладини организации.

» Објавени се пет истражувачки стории од новинари од локални медиуми во општините Куманово, Струмица, Тетово, Чаир и Штип посветени на транспарентноста, отчетноста и интегритетот на властите, како и проблемите предизвикани од корупцијата во локалните средини









ТРОШКИ ЗА
ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ
ВО ОПШТИНСКИТЕ БУЏЕТИ
SHPENZIME
PËR SHOQATAT QYTETARE
NË BUXHETET E KOMUNAVE
TRIFLES LEFT FOR THE
CITIZENS' ASSOCIATIONS
IN THE MUNICIPAL BUDGETS


Како да се подобри
соработката на сите чинители
во борбата против корупција
на локално ниво?
ЗАШТИТА
од
КОРУПЦИЈА



## Балкан тендер воч (2023-2024) – Регионален проект финансиран од Фондација Отворено општество – Македонија

**Проектот ги открива ранливите точки за корупција во системите за јавни набавки на земјите од Западниот Балкан преку споредбен мониторинг и анализа засновани врз однапред утврдена и проверена методологија и консултации со засегнатите страни со што обезбедува навремени и сеопфатни информации и анализи за состојбите во јавните набавки и предлага препораки за промени во системите за јавни набавки што придонесуваат кон намалување на корупцијата во јавните набавки на земјите од Западен Балкан.**






Во текот на 2023 година:

- » Ревидирани се методологијата и алатката за проценка на корупцијата во јавните набавки и борбата против неа;
- » Спроведени се: длабочинско истражување за проценка на подготвеноста на системите за јавни набавки во секоја од шесте земји на Западен Балкан за откривање, процесирање и казнување на корупцијата во јавните набавки; директен и длабочински мониторинг на повеќе од 100 тендери за лоцирање на ранливите точки на корупција во секоја од фазите на циклусот на јавните набавки; одговорот на институциите во обезбедување интегритет и борба против корупцијата во јавните набавки.
- » Изработен е и објавен споредбениот извештај за оценка на состојбата во јавните набавки во сите земји од Западен Балкан; со препораки за делување за секоја земја од Западниот Балкан;
- » Организирана е регионална конференција со повеќе од 80 учесници како форум за презентација на истражувањата и состојбите во јавните набавки во земјите од Западен Балкан, дискусија и размена на мислења за генераторите на корупција и начините на унапредување на состојбата;
- » Изработени се „извештаи во сенка“ за состојбата во јавните набавки за секоја од шесте земји на Западен Балкан.

Проектот се спроведува во партнерство со Мрежа за афирмација на НВО секторот - МАНС (Црна Гора), Центар за применети европски студии - CPES (Србија), Агенција за развој на претпријатија - ЕДА (Босна и Херцеговина), Движење ФОЛ (Косово) и Центар Република (Албанија).


BALKAN
TENDER
WATCH
ANNUAL REGIONAL
CONFERENCE
ON THE STATE OF AFFAIRS AND
CORRUPTION IN PUBLIC PROCUREMENT
IN THE WESTERN BALKAN COUNTRIES


BALKAN
TENDER
WATCH

## ЕФЕКТИ НА ФИНАНСИСКАТА И НА ЕНЕРГЕТСКАТА КРИЗА ВРЗ ПОЛИТИКИТЕ И ВРЗ ГРАЃАНИТЕ (2023) – ПРОЕКТ ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЦИВИКА МОБИЛИТАС, ПРОЕКТ НА ШВАЈЦАРСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И СОРАБОТКА (SDC)

**Проектот придонесува кон поефикасно и порационално користење на буџетските средства од страна на Владата и општините со цел тие да одговараат на реалните потреби на граѓаните, преку намалување на негативните ефекти врз животот на граѓаните настанати како резултат на влијанието на финансиската и енергетската криза врз буџетските трошења на државата и на општините.**

Во текот на 2023 година:

- Детектирани се сегментите/областите од буџетските трошења каде од аспект на граѓаните се воочени најнеповолни влијанија настанати од финансиската и енергетската криза на централно и на локално ниво: реновирање на здравствени установи, купување медицинска опрема, изградба на детски градинки и домови за стари лица, изградба на патишта, реконструкција на студентски домови, како и проекти за унапредување на животната средина, каде се скратени 220 милиони евра, во кризната 2022 година.
- За прв пат се извадени на виделина сложените и нејасни буџетски ставки и бројки зад кои се кријат нерационални одлуки и политики кои одат на штета на граѓаните. Се лоцираа, квантифицираа и открија конкретните износи и имиња на нереализираните проекти кои властите на централно локално ниво никогаш не ги комуницираа со граѓаните и со пошироката јавност. На овој начин, буџетот и јавното трошење се поврзаа со граѓаните и нивните животи и се демистифицираа термините како „капитални трошоци“, „проекти“, „трансфери“ и сл. кои се редовен наратив на властите зад кој се затскрива суштината и влијанието врз граѓаните.
- Со импликациите на кризите врз политиките и граѓаните и со конкретните препораки за идно постапување, запознаени се општата и стручната јавност, но и носителите на одлуки и политики, преку интензивното застапување, во текот на проектот и по неговото завршување. Создадени предуслови за користење на препораките и за надминување на лоцираните слабости при следното креирање на политиките и на буџетите.


CIVICA
AKTIVO
ЗДСРМ
Истражување
НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД
ЗГОЛЕМЕНИТЕ БУЏЕТСКИ
ТРОШОЦИ ОД КРИЗАТА
ВО 2022 ГОДИНА ВРЗ
ОБЛАСТИ КОИ ВЛИЈААТ
ВРЗ ЖИВОТОТ НА
ГРАЃАНИТЕ
kWh
Проект:
Ефекти на финансиската и енергетската
криза врз политиките и врз граѓаните


CIVICA
AKTIVO
ЗДСРМ
Истражување
НА ПОСЛЕДИЦИТЕ
ОД ЗГОЛЕМЕНИТЕ
БУЏЕТСКИ ТРОШОЦИ НА
ОПШТИНИТЕ ОД КРИЗАТА
ВО 2022 ГОДИНА ВРЗ
ОБЛАСТИТЕ КОИ ВЛИЈААТ
ВРЗ ЖИВОТОТ НА
ГРАЃАНИТЕ
kWh
Проект:
Ефекти на финансиската и енергетската
криза врз политиките и врз граѓаните


Дебата, 6.10.2023 година, Скопје
Максим Ацевски
Павле Гацов
Сабина Факиќ
Герман Филков
kWh
ЕФЕКТИ НА
ФИНАНСИСКАТА
И ЕНЕРГЕТСКАТА
КРИЗА ВРЗ
ПОЛИТИКИТЕ
И ГРАЃАНИТЕ


CIVICA
Citizens for change!
ЕНЕ АТА КРИЗА

## ГРАЃАНИТЕ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА, ПРОЕКТ НА УСАИД (2023-2028)

**Проектот ги зголемува ангажманот и соработката на граѓаните, граѓанското општество, медиумите и приватниот сектор во борбата против корупцијата, за подобрување на владината реакција и ефективност во справувањето со корупцијата во сите сектори на национално и на локално ниво.**








Во текот на 2023 година:

- Изработени се методологија за проценка на антикорупциските перформанси на институциите во јавните набавки, како и методологија за спроведување на „граѓански надзор“ врз јавните набавки во земјава.
- Спроведено е сеопфатно истражување на јавните набавки за 2022 година на сите 100 институции од првата линија на извршна власт – Владата, министерствата, секретаријатите и општините, кои се рангирани според 32 антикорупциски перформанси.
- Изработени се анализа и рангирање на 100-те институции кои се дискутирани со 40 претставници на вклучените страни за време на Отворениот форум за антикорупција организиран по повод меѓународниот ден за борба против корупцијата.

- » Претставници на ЦГК учествуваа во низата работилници за изменување и дополнување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, организирани од Државната комисија за спречување на корупцијата, во сегментот на јавните набавки, бизнис-секторот, државните и јавните претпријатија.
- » ЦГК учествуваше на 10-та конференција на земјите-потписнички на Конвенцијата на Обединетите нации за борба против корупцијата (УНКАК), која се одржа во декември 2023 година во Атланта, САД придонесувајќи кон донесувањето на мноштво значајни резолуции за подобра примена на УНКАК.
- » ЦГК учествуваше со свој претставник и со предлози во изработката на Стратегијата за транспарентност на Владата 2023-2026 и Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2024-2026.

Проектот го спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со Центарот за граѓански комуникации (ЦГК), Институтот за демократија Социетас Цивилис, Скопје (ИДСЦС), Стопанската комора на Северна Македонија (СКНМ), 360 степени, Лабораторија за истражувачко новинарство, Македонија (IRL) и Балканска истражувачка репортерска мрежа, Македонија (БИРН).




